# ПОВИК

## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ АКТИВНИ ВО ПОЛЕТО НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО СЕКТОРСКИОТ КОМИТЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ПРИ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Вовед

Во врска со финансиската помош на Европската Унија (ЕУ) преку инструментот за претпристапна помош (ИПА), во рамките на третата компонента на ИПА за регионален развој, во текот на 2007 година беше изготвена и усвоена Оперативна програма за регионален развој 2007 – 2009 година. Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање се главни корисници на средствата на оваа програма и институции вклучени во националната оперативна структура на ИПА.

Во тек е воспоставување на Секторски комитет (СК), кој претставува одговорно тело за следење на спроведувањето на Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 година. Комитетот се формира согласно одредбите на Регулативата на ЕУ 1085/2006 на Советот за воспоставување инструмент за претпристапна помош (ИПА), поточно Оддел 3 Евалуација и следење, Член 167 ги дефинира неговиот опфат и надлежностите.

### Состав

Во комитетот покрај претставниците на Европската комисија, надлежниот координатор за авторизација, националниот ИПА координатор на ИПА, раководителот на оперативната структура и крајните корисници на програмата, планирано е и вклучување на претставници од граѓанското општество и социо-економските партнери.

### Задачи на Секторскиот комитет

Секторскиот комитет се состанува најмалку два пати годишно, на инцијатива на земјата-корисничка или на Комисијата. Изготвува деловодник за работа согласно мандатот на секторскиот комитет. Со Секторскиот комитет претседаваат раководителот на оперативната структура и Комисијата.

Секторскиот комитет за следење има задолженија:

- Разгледува и одобрува општи критериуми за избор на активности за програмата и компонентата за која се однесува секторскиот комитет;
- Го следи напредокот кон исполнувањето на одобрените цели на оперативната програма врз основа на документацијата доставена од оперативната структура;
- Ги испитува резултатите од спроведувањето, особено постигнувањето на целите одредени за секоја приоритетна оска на програмата;

- Ги испитува и оценува секторските годишни и завршни извештаи за спроведувањето на програмата;
- Го разгледува и испитува секој предлог за изменување на спогодбата за финансирање на програмата;
- Предлага ревизија или испитување на спроведувањето на програмата или на делови од програмата;
- Предлага препораки, мерки и дава насоки за подобрување на управувањето на програмата, вклучително и финансиското управување;

**Целна група на повикот:**

Право на учество имаат здруженија на граѓани активни во областа на заштитата на животната средина преку номинирање поединечен или заеднички претставник/претставничка за учество во работата на Секторскиот комитет за следење на спроведувањето на Оперативната програма за регионален развој 2007 - 2009 година.

**Предмет на изборот:**

- Избор на еден претставник на здруженијата на граѓани активни во полето на животна средина во Секторскиот комитет;
- Избор на заменик на претставникот од граѓанскиот сектор во Секторскиот комитет;

Изборот на постојаниот претставник и заменикот се врши одделно од листата на предложени кандидати за избор, односно секој предложен кандидат учествува истовремено за Претставник и Заменик во зависност од исходот од изборот.

**Обврски за претставникот на граѓанскиот сектор во Секторскиот комитет:**

- Застапување и претставување на интересите на здруженијата на граѓани од областа на животната средина во Секторскиот комитет;

- Присуство на сите состаноци кои ќе бидат организирани од страна на Секторскиот комитет;

- Активно учество во работата на Секторскиот комитет;

- Редовно и навремено информирање и известување за активностите на Секторскиот комитет преку познатите канали за информирање (e-mail, маилинг листи, Еко.Нет итн);

- Организирање консултативни состаноци со здруженијата на граѓани заради градење на заеднички став пред Секторскиот комитет и институциите задолжени за имплементација на Оперативната програма;

- Членството на претставникот и заменикот во Секторскиот комитет е на волонтерска основа;

- Мандатот на претставникот е до завршување на задачите на Секторскиот комитет;

**Право на предлагање:**

Кандидат за претставник на граѓанскиот сектор може да биде предложен најмалку од една од организација или група на организации чија главна дејност се активности од областа на животната средина.

Организацијата која го номинира претставникот треба да има капацитет да ги поднесе финансиските трошоци кои можат да произлезат и да му овозможи логистичка поддршка за ангажманот на предложениот кандидат за претставник во Секторскиот комитет доколку биде избран за претставник или заменик.

**Критериуми за избор:**

Кандидатите треба да ги исполнат следниве критериуми:

- Познавање на ЕУ регулативите (Оперативната програма за Регионален развој, III Компонента од ИПА)

➢ Познавање на националното законодавство областа на животната средина.
- SEA/СОВЖС-Стратешка оцена на влијание врз животната средина
- EIA/ОВЖС-Оцена на влијанието врз животната средина
- Закон за животната средина
- Законодавство од областа на транспорт и животна средина

- Искуство во развојни програми/членство во тела кои управуваат развојни програми;
- Одлично говорење, разбирање и пишување на англискиот јазик (останати јазици се сметаат за предност);
- Најмалку 3 годишно искуство на кандидатот во областа на животна средина;
- Организацијата која го предлага кандидатот има постигнато видливи резултати во областа на животна средина и има техничка и финансиска оддржливост;
- Организацијата која го предлага кандидатот не е директно поврзана со организациите од другите сектори кои веќе имаат делегирано свои членови во Секторскиот комитет (ЗЕЛС, стопански комори);

**ПРОЦЕС НА ИЗБОР**

**Верификациска комисија**

Верификациската комисија е составена од 3 члена од претставници од здруженијата на граѓани активни во областа на животната средина, избрана на заедничкиот состанок одржан на 12.5.2008 г.

Комисијата има за цел да го спроведе процесот на избор на претставник и негов заменик. Верификациската комисија:

- Објавува повик за избор на претставник во Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за регионален развој 2007 – 2009 година;

- Прима предлози и врши нивна проверка (техничка);
- Утврдува листа на кандидати;
- Објавува листата на кандидатите;
- Пребројува гласови;
- Објавува резултати од гласањето;
- Известува Министерството за финансии за направениот избор;
- Објавува записник од изборот;

Логистичката поддршка за работата на Верификациската комисија ја даваат организациите од кај што доаѓаат членовите на комисијата. Притоа организациите ги стават во служба сите свои ресурси за нормално функционирање на комисијата.

Членовите на Верификациската комисија не можат да се кандидираат за претставници т.е. заменици.

**РОКОВИ:**

Објавување на повикот – 13 мај 2008 година

Прибирање на кандидатури до 15 мај 2008 година (четврток) до 12 часот

Објавување на листите на кандидати и отпочнување на гласањето – 15 мај 2008 година.

Гласање – до 19 мај 2008 година до 12 часот (понеделник).

Резултати – 19 мај 2008 година (понеделник)

Изготвување извештај од процесот на избор и известување – 20 мај 2008 г.

**Пријавување на кандидати:**

Здруженијата на граѓани кои сакаат да предложат свои кандидати треба да ја достават следната документација:

- Пријава за поднесување на кандидатура со образложение за мотивите и исполнување на предложените критериуми за избор;

- Податоци за организацијата која предлага кандидат (краток профил)

- Биографија на предложениот кандидат;

- Изјава за прифаќање на кандидатура;

***Механизам за избор:***

Со самото објавување на овој повик отпочнува процесот на избор на претставниците во Секторскиот комитет.

Овој повик е објавен на е-мејл листата од активни организации во областа на животната средина, а истиот ќе биде објавен на веб-страната на ЕКО.НЕТ и на веб-страните на организациите кои учествуваат со членови на Верификациската комисија како и на други организации кои доброволно ќе го објават повикот.

Изборот се состои од два дела:

- Прибирање кандидатури;
- Гласање на кандидатите;

***Прибирање на кандидатури:***

Сите организации кои имаат намера да пријават свои кандидати за изборот кандидатурите со потребната документација треба да ги достават до Верификациската комисија преку електронска пошта, факс или по регуларна пошта.

Канали за доставување на кандидатурите до Верификациската комисија:

На e-mail: komisija@zeleni.org.mk

На факс: 02/3179-456

Регуларна пошта: Македонски зелен центар

Со назнака: За Верификациска комисија

Ул. Водњанска бр. 35/12, 1000 Скопје

Откако по предвидениот рок ќе се достават сите кандидатури Верификационата комисија ќе изврши преглед на истите и ќе состави листа на кандидати според азбучен ред на името и презимето на кандидатите.

***Гласање***

Гласањето е јавно.

Листата од кандидати како и нивната документација за кандидатура ќе биде објавена на ЕКО.НЕТ порталот (www.eko.net.mk).

Верификациската комисија ќе изготви информација со која ќе ги повикаат организациите на гласање, со податоци за пристапот до местото на гласање и начинот на гласање.

Гласањето се врши писмено, на е-маилинг листата, Порталот ЕКО.НЕТ или по факс.

Право на глас имаат само регистрираните регистрирани здруженија на граѓани кои се активни во областа на животната средина.

Една организација може да гласа само за еден од предложените кандидати.

Организациите може да гласаат за кандидатот кој тие го предложиле.

Организациите кои имаат свои членови во Верификациската комисија исто така имаат право на еден глас.

**Резултати од гласањето**

За член на Секторскиот комитет се утврдува кандидатот/тката кој/а добила најголем број гласови од вкупниот број гласови, со просто мнозинство од вкупниот број гласови.

Второпласираниот кандидат со најголем број гласови се избира за заменик на претставникот во Секторскиот комитет.

Доколку два кандидата добијат ист број гласови – се договараат меѓусебно кој ќе биде член, кој заменик најдоцна 20.05.2008 година